| | ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ | п 5.2/1 |
|---|---|---|
| | | Издание: 3 |
| | | Дата: 02.01.2025 |

## МИСИЈА

Воспоставување на ефикасен, ефективен, и транспарентен систем на управување, со цел обезбедување на квалитетни, ефикасни и ефективни услуги за граѓаните, одржлив локален развој и создавање на просперитетна иднина за граѓаните.

## ВИЗИЈА

Социјално одговорна општина со одржлива економија, обезбедена инфраструктура и грижа за животната средина, обезбедувајќи висок квалитет, безбедност и стандарди на живеење на граѓаните.

**Политиката за квалитет се состои од следните принципи:**

- **Висок квалитет на услугите,** обезбедени со високо ниво на професионалност
- **Современа инфраструктура** која одговара на барањата и потребите на граѓаните
- **Законито и навремено** исполнување на потребите и очекувањата на граѓаните
- **Обезбедување одржлив економски развој** и поволна инвестициска клима
- **Тимска работа,** базирана на комуникација помеѓу општинските и другите јавни служби
- **Висококвалификуван и мотивиран персонал**, со обезбедени услови за работа, при што се остварува **непречена, навремена и точна комуникација и соодветна дистрибуција на организациското знаење**
- **Промовирање и зајакнување на релациите и партнерствата** помеѓу јавниот и приватниот сектор
- **Високо развиен образовен, културен и спортски центар** како основа за подобрување на квалитетот на животниот стандард на граѓаните
- **Квалитетно развивање** на занаетчиството, угостителството, трговијата и туризмот, во насока на подобрување и унапредување на локалниот економски развој на општината
- **Активна соработка** со меѓународните институции и со невладиниот сектор заради подобрување на услугите кон граѓаните.
- **Ефикасно, професионално и транспарентно работење и функционирање,** преку воведување, одржување и постојано подобрување на Системот за управување со квалитет, согласно барањата на **меѓународниот стандард ISO 9001:2015**.

**Врвното Раководството на општина Крива Паланка** обезбедува **мотивираност и посветеност кон остварување на стратешките определби и цели на Општината**.
**Општина Крива Паланка** се стреми **навремено да ги идентификува ризиците и можностите во работењето, проактивно да управува со нив заради унапредување на услугите**, **процесите и Системот за управување со квалитет**.

**Општина Крива Паланка** применува процесен приод кон создавањето и одржувањето на Системот за управување со квалитет. Во врска со тоа, извршува идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси.

Врвното Раководството на **Општина Крива Паланка** периодично извршува контрола на политиката, функционирањето на системот за управување со квалитет, исполнувањето и поставувањето на нови цели за квалитет.

Датум: 02.01.2025

**Градоначалник**
**Сашко Митовски**